**20150872768**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 235-в став (5) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ПРОСТОРИИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на испитот за извршители (во натамошниот текст: испитот).

Член 2

Полагањето на испитот се спроведува во две простории од кои секоја одделно треба да биде опремена со:

- најмалку 36 работни бироа од кои 30 за станиците за тестирање, пет за членовите на комисијата и еден за серверот;
- најмалку 36 столчиња;
- дисплеј за објавување на резултатите со димензии од најмалку 2x2 метри;
- најмалку 30 персонални компјутери чиј монитор е најмалку 19”;
- еден централен сервер со монитор за надгледување на процесот на тестирање и за локално снимање на процесот на тестирање;
- локална комуникациска мрежа;
- мрежен преклопник и
- мрежна камера за снимање на полагањето.

Член 3

Просториите за полагање на испитот имаат интернет конекција од минимум 10мб/с, наменета за електронското полагање на испитот и пристап до апликацијата на Министерството за правда за спроведување на електронско полагање на испитот.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-1879/1
20 мај 2015 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари**, с.р.